БАС
Бизнис Академија Смилевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0205-247/7-2
29.09 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високо образование, член 84 од Статутот на Бизнис академија Смилевски – БАС и член 64, 65 и 66 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС, на вонредната 121 седница на Наставничкиот совет на БАС, одржана на 29.09.2017 година, Наставничкиот совет на БАС ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за прифаќање на завршен труд и за определување на датум за одбрана

**Член 1**

Се прифаќа Извештајот за оценка и образложение на трудот на тема **„Подобрување на конкурентноста на мултинационална компанија преку редизајнирање на производствените процеси"** на кандидатот **Марија Барлакоска** доставен од страна на Комисијата за оценка и одбрана на завршниот труд во состав: доц. д-р Тони Соклевски – ментор, доц. д-р Лидија Стефановска – претседател и виш пред. м-р Дијана Пржо Ивановска – член.

**Член 2**

За ден на одбраната на завршниот труд се определува 06.10.2017 година (петок) со почеток во 13.00 часот во одделението за дисперзирани студии на Бизнис академија Смилевски – БАС во Битола.

**Член 3**

Известување за усвојување на Извештајот и датумот за одбрана на завршниот труд да се достави до студентот, да се објави на веб-страницата на Академијат и на огласните табли во Академијата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Директор

Виш пред. д-р Даниела Карадаков

**Да се достави до:**
- Членовите на комисијата
- Кандидатот
- Архива
- Досие на студентот